Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2229/2
22-10-2021 год.
Скопје

Врз основа на член 37, став 6 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018), член 64, член 65 и член 66 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425 од 28. VI 2019 год. и член 93, член 94 и член 95 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463 од 18. X 2019 година, на ден 22 октомври 2021 година, деканот на Филозофскиот факултет во Скопје донесе

# ОДЛУКА

## за распишување избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание и именување Изборна комисија

I

Се распишуваат избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, со мандат од една година со право на уште еден избор.

II

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје ќе се одржат на ден 22. ноември 2021 година.

III

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје ќе се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година.

IV

Се именува Изборна комисија од пет члена, и тоа во следниот состав:

1. Проф. д-р Софија Георгиевска
2. Проф. д-р Ванчо Кенков
3. Христина Дамкар
4. Ева Тодоровска
5. Елена Гоцевска

V

Изборната комисија ќе работи согласно со Упатството донесено од Деканатската управа на Факултетот и ќе ги избере избирачките поткомисии за спроведување на изборите на ниво на институти/интердисциплинарни студиски програми на Факултетот.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

VII

Примерок од оваа Одлука да се достави на членовите на Изборната комисија, деканот, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Филозофски факултет Скопје

________________________

проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Василка Наумоска